# ПРИМЕНА НА ТЕХНИКИ ЗА РЕШАВАЊЕ ТЕКСТУАЛНИ ЗАДАЧИ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

*Анета Соклевска* [1]

[1] *ООУ „Славко Лумбарковски", с. Новаци, Битола*

e-mail: anetasoklevska@gmail.com

Учениците во современата настава својот развој треба да го остваруваат преку учење со разбирање, сами да ги откриваат каузалните врски меѓу појавите и да учествуваат во донесувањето на заклучоци.

Современата настава по математика во одделенска настава, како никогаш досега е ставена пред предизвикот знаењата стекнати на часот да бидат применливи и на часовите по другите наставни предмети, знаењата стекнати во училницата да бидат применливи и надвор од неа. Поврзувањето на теоријата со практиката во наставата во почетните одделенија се врши главно преку текстуалните задачи, бидејќи преку текстот на задачата се доловуваат различни практични ситуации во кои секојдневно се наоѓаат учениците. Нивната правилна примена и методска работа е база за индивидуалниот напредок во математичките знаења на секој ученик во согласност со неговите можности, интереси и индивидуални карактеристики.

Имајќи го предвид претходното во фокусот на теоретските и практичните изнесувања на овој труд ги ставам: техниките кои придонесуваат за полесно разбирање на барањата на текстот на текстуалната задача, на условите на задачата, правилното поврзување на дадените податоци, решавање, донесување одговори и дополнителна работа – поврзување со слични задачи и практични ситуации.

Искористени се техники од обуките за математичка писменост од проектот „Со читање до лидерство", разработени и модифицирани низ конкретни примери од текстуални задачи од содржините по математика во одделенска настава.